УДК. 371. 124 (497. 17) (091)

Александар ИЛИЕВСКИ

# ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА ДЕЈНОСТ ВО РАМКИТЕ НА УЧИТЕЛСКОТО ДВИЖЕЊЕ ВО МАКЕДОНИЈА МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ

Учителите и учителското движење во Македонија имаат своја историја и нивната дејност е тесно поврзана со просветувањето и ширењето на народната просвета, култура и писменост сред населението.

Учителството во Македонија има свои длабоки историски корени, уште од времето на Кирил и Методиј, Климент и Наум Охридски кои први ја започнале писменоста, просветата и културата во Македонија и пошироко кај Словените. Климентовиот универзитет е колевка на оваа значајна македонска придобивка од извонреден историски чин. Нивната просветителска дејност продолжува и во средновековието преку манастирските и келијните училишта, за да во XIX-от век со појавата на македонската граѓанска класа, занаетчиството и трговијата, се појавува и потребата од световно образование, никнуваат световните училишта во Македонија. Македонската преродбенска дејност создала плејада мислители-творци на македонската писменост и култура што ги поставиле и зацврстиле темелите на ова наше историско интелектуално богатство на пишаниот збор.

Во Предилинденскиот и Илинденскиот период на македонско тло, исто така никнала плејада македонски учители и борци: Гоце Делчев, Дамјан Груев, Питу Гули, Никола Карев, Петар Поп Арсов, Пере Тошев, Ѓорче Петров, Миле Поп-Јорданов, Христо Узунов, Ѓорѓи Сугаре, Пандо Кљашев и низа други учители. Некои од нив го преживеале Илинденското востание и биле учители во Македонија и по Илинденскиот период.[1]

За нас е од научен интерес и периодот меѓу двете светски војни. Во споменатиов период учителското движење во Македонија имало значајна и бурна историја. Имено, уште во 1919/20 година со основањето на учителското и професорско здружение и друштво во рамките на Стара Југославија, учителско-просветителската дејност, како што е познато од нашата национална, политичка и културна историја, а и од

---

[1] Манол Пандевски. Учителското движење во Македонија, "Култура", Скопје, 1962, кој опстојно го третира ова прашање за периодот 1893-1912 година.

историјата на учителското движење, се одвивала во две насоки:

а) една од страна на тогашната владеачка режимска организација; и

б) што е за нас од посебно значење-дејноста на напредното учителско движење, поготово во Македонија (со оглед на тогашните непогодни услови за просвета и култура во Македонија, во разгледуваниот период меѓу двете светски војни).

Во тој контекст, во куси црти би потсетиле на некои актуелни моменти.

Кога зборуваме за напредното учителско движење во Македонија во периодот меѓу двете светски војни би потсетиле на подготовката на учителските кадри-нивното назначување, преместување и отпуштање од работа од тогашните режимски власти, дејноста на учителите во меѓуоколиските учителски здруженија и набавно-продајни задруги; дејноста на учителите во рамките на напредното работничко, комунистичко, синдикално и учителско движење; нивната соработка во прогресивниот учителски и педагошки печат; како и нивната дејност на полето на народното просветување и на народните универзитети.

На почетоков би потсетиле дека напредното учителско движење во Македонија во тој временски период било во тесна поврзаност и со напредната струја во рамките на Југословенското учителско здружение со седиште во Белград (ЈУУ-ЈУЗ), во Стара Југославија, но со прогресивна програмско-просветителска ориентација, наспроти она со реакционерно-режимски карактер. Уште со создавањето на Кралството Југославија, режимот сакал да го држи учителството во свои раце и постојано го контролирал, а често пати напредните учители ги преместувале, или отпуштале од работа. Обично таквите напредни учители од Македонија ги преместувале на служба во "старите краишта" во Србија, а оттаму и од Црна Гора, учителите Срби и Црногорци што биле со напредна учителска мисла и акција, по казна ги назначувала за учители во Македонија, на "Југот", наречувајќи го "Сибир", што е сосема погрешно од тогашните владеачки режими, бидејќи режимот сакал да врши денационализација и асимилација, македонскиот народ да остане непросветен и неписмен, за да може полесно да врши експлоатација и да го угнетува, односно да го држи во потчинетост. Тоа било мошне брутално спроведувано во времето на монорходиктатурата над македонскиот народ и врз напредните учители, без разлика од која социјална средина биле, од Македонија или од другите краишта на Стара Југославија.

Ваквото "шиканирање" на напредните учители од страна на тогашните владеачки режими може да се види и од содржината на едно писмо што Министерот на просвета-Одделение за основна настава, го испратил до Школското надзорништво во Тетово во 1921 година. Така, во писмото се вели: "Следејќи ја подолго време дејноста на учителите, увидов дека учителите кои се од онаа страна на Сава и Дунав, раководени од "патриотизмот", да дојдат на служба во "Јужна Србија",

заради тешките прилики, брзо "се оладуваат" и јавно го критикуваат сето она што го условува таквиот живот... таквите учители брзо се наоѓаат во таквите кругови каде постануваат омилени и поверливи".[2] Или, пак во едно друго писмо, што Министерот на просветата го упатил до Министерството на војската и морнарицата-генералштабно одделение, од 26 јуни 1921 година. Командантот на III-та армиска област предлагал: "со цел да се просветува народот и да се "национализира" (читај-денационализира, се мисли на македонскиот народ од страна на тогашните режимски власти-подвлекол-.А.И.), веднаш да се отворат школи и да се упатат што поголем број "добри" и "спремни" учители, а учителите од тие краишта егзархисти и други, веднаш да се отстранат. Многу учители-млади луѓе кои дошле од Јагодинската (Светозаревска ) учителска школа се заразени со комунистички идеи: треба да се испитаат причините и да се преземат потребни мерки за сузбивање".[3]

Министерот на просветата Св. Прибиќевиќ, во 1922 година, со писмо се обратил до просветните инспектори во Скопје и Битола, со кое инсистирал: "наставниците по српски јазик, покрај одредени четива во училиштата да читаат и им препорачуваат на учениците како приватна лектира и фрагменти од дела кои се од "национален карактер и по наставата од предметот географија и историја да се користат дела од 'национален ' карактер". [4]

Ваквата тешка социјална и неподнослива конкретна ситуација на теренот каде што учителствувале учителите, може да се види и од едно друго писмо што учителите од Кочанско во 1922 година му го упатиле на Министерството на просветата во Белград, каде ги изнесуваат своите малтретирања на поедини врховистички елементи, што крстареле во Источна Македонија. Учителите: Благоја Ристиќ, учител во Кочани; Драгутин Маринковиќ, учител во Кочани, Душан Миловановиќ, учител во Облешево; Љубица Ристиќ, учителка во Кочани; Илија Видановиќ, учител во Бели; Живан Ѓорѓевиќ, учител во Кочани; Властимир Бугаровиќ, учител во Оризари; Адам Миниќ, учител во Кочани, бараат својата учителска дејност да ја обавуваат во мирни и подносливи услови. [5]

Од досега презентираните писма може накусо да се согледаат барањата на тогашните режимски власти, од една страна а и притисоците што ги вршеле врз учителите, како и местоположбата и дејноста што ја обавувале учителите, што биле под контрола и надзор на тогашното Бановинско учителско здружение, односно преку училишните надзорници и среските началници кои редовно го информирале Министерството на просветата и ги спроведувале во практика наредбите.

---

[2] Види: Акт бр. Пов. 7 од 16.III. 1921г. Архив на Македонија, Мин. просв,к.5.
[3] Акт бр. 4865 од 26 јуни 1921 г. Архив на Македонија, Мин. просв.к.1.
[4] Акт, Пов. бр.О.Н. бр.60 од 12.II.1922 г. Архив на Македонија, Мин. просв. к.5.
[5] Акт, Пов. О.Н. Бр. 219 од 15 јуни 1921 г. Архив на Македонија, Мин. просв. к. 5.

Уште потешка била положбата на учителите во времето на Монарходиктатурата, особено во периодот 1929-1933 г, а потоа со обновувањето и дејствувањето на КПЈ, повторно предничи напредното учителско движење во Македонија.

Учителските кадри во Македонија се подготвувале во Учителската школа во Скопје, на Филозофскиот факултет, како и во учителските школи во Неготин Краина, Белград, Јагодина (Светозарево), Крушевац, Крагуевац и др.

Немилите настани во Штип и Штипско, особено по 1927 година, условиле режимските власти македонските младинци да ги испраќаат на школување во погореспоменатите места. Учителската школа во Прилеп била затворена, а младите "државни стипендисти" од Македонија биле испраќани да се школуваат во Србија, најчесто во Учителската школа во Неготин Краина. Меѓутоа, учениците младинци од Македонија и таму пројавувале активности, бидејќи живееле во интернат, па истите биле префрлени во Белград, но и тука со оглед на бројната работничка класа, со цел студентската интелигенција да не врши влијание врз македонската младинска интелигенција, истите ученици биле испраќани да се школуваат во Јагодина, Крушевац, Крагуевац.[6] Во Неготин Краина Митко Илиев се сеќава на своите другари: Јосиф Јосифовски Свештарот, Петар Здравковски-Пенко, Борис Карпузов од Велес и други напредни младински активисти од Македонија. Во Крагуевац, пак се сеќава на своите другари: Страшо Пинџур, Јосиф Јосифовски-Свештарот и др.[7]

По завршувањето на училиштето оваа наша младинска интелигенција, особено во летните месеци, во Македонија развивала интензивна активност на културен, просветен и забавен план. Се читале делата на Маркс, Енгелс, Ленин, Коста Абрашевиќ и други. Се организирале вечеринки, излети, се пееле револуционерни и борбени песни: "Црвен е Исток и Запад" се рецитирале песни од Коста Рацин, Коле Неделковски и други македонски револуционерни поети. Се читала марксистичка литература, најчесто: "Комунистичкиот манифест", "Увод во дијалектичкиот материјализам", "Анти-Диринг", "Капиталот", "Мајка", "Железна пета", "Што да се работи". Се читале изданија на "Нолит", "Пролетер", "Комунист", "Наша реч " и други. [8]

Напредните учители активно дејствувале во рамките на учителските здруженија во Македонија, кои постоеле скоро во сите градски центри, потоа во Феријалниот сојуз, во младинската, партиската организација, во работништвото и селанството и во сите народни средини сред широките народни маси.[9]

---

[6]. Тоа најилустративно го покажува во своите мемоари Митко Илиев, Патот до Третата учителска група, ГИНИ, Скопје, 1972/XVI, бр.2,стр.243-273. Оваа трета учителска група ги опфаќала најпрогресивните учителски и други револуционерни сили во тогашна Југославија.

[7] Исто.

[8] Исто.

[9] Види: Илија Јанкуловски, Напредното учителско движење во Македонија, II период од 1918-1937 г. "Просветно дело", 1954/X, бр.1-2, стр.46-60; Истиот-со ист наслов, III период од 1937 до 1941 г, "Просветно дело", 1954/X, бр/3-4.стр/228-237.

Напредните учители посебна активност пројавувале во т.н. Трета учителска група, а соработувале и во учителскиот и педагошки печат, но развивале и широка активност сред населението во Македонија. Таа напредна Трета учителска група, исфрлила цела плејада напредни педагошки дејци во Македонија кои сред широките народни маси ја ширеле: писменоста, просветата и културата, особено во часовите по завршување на наставата и во слободното време, како и во вечерните часови. Од плејадата дејци би потсетиле на некои напредни учители во Македонија: Димитрије Бајалица, Здравко Шестиќ, Пенко Здравковски, Жарко Зрењанин, Тодор Ангелоски, Димче Ангелески-Габерот, Вукајло Кукаљ, Коста Ѓукиќ, Ѓуро Губерениќ, Обрад Цицмил, Живко Пауновиќ, Ацо Радуловиќ, Ѓорѓи Ивановски, Чедо Поповиќ, Јонче Јосифовски, Благоја Кондарко, Божо Проќик, Боро Пекески, Симо Карамарковиќ, Драгослав Вељковиќ, Раде Вуковиќ, и други.[10]

Би потсетиле и на дејноста што ја обавувале учителите во рамките на учителските задруги. Такви учителски задруги постоеле и во другите краишта на Југославија. Имено, во Хрватска учителската задруга "Иван Филиповиќ", со седиште во Загреб, потоа учителскатата задруга "Вук Караџиќ" со седиште во Белград (во која членувале и напредните учители од Србија, Македонија и Црна Гора), потоа "Петар Кочиќ" во Сараево, "Народни учитељ" во Подгорица (Титоград), "Педагошки тиск", со седиште во Љубљана.[11].

Тие учителски задруги оформиле и набавно-продајни задруги, потоа истите развивале широка културно-просветна активност во градовите и на село, преку одржување конференции, предавања, приредби, прослави, излети и логорување, раздвижена општествено-политичка активност, ширење на напредна марксистичка и педагошка литература, соработка со прогресивните општествено-политички организации: КПЈ/КПМ, Урсовите синдикати, младинската и студентскта организација, поготово потесна соработка со учителите на теренот во Македонија.

Во тој контекст би потсетиле на меѓуоколиските учителски конференции што се одржале во некои места во Македонија. На пример, на учителската меѓуоколиска конференција во Прилеп зеле учество и учителските здруженија од Прилеп, Крушево, Поречјето, Битола, Преспа, Мариово. Истата меѓуоколиска учителска конференција се одржала во Прилеп во 1939 година, на која реферат поднел Бајалица Димитрије на тема "За улогата на трудот во развитокот на човечкото општество", како и Здравко Шестиќ" За расната теорија", потоа Драгослав Вељковиќ - "Terra incognita" - фрагменти од учителскиот живот.[12]

---

[10] Види: Илија Јанкуловски, Напредното учителско движење во Македонија, III период од 1937 до 1941 година, "Просветно дело", Скопје 1954/X, бр.3-4, стр.228-237; Б.Проќик, Работата на учителите во Поречјето собрани околу "Караџиќ", "Просветно дело", 1953/IX, бр.7-8, стр.79-97.

[11] Види: Pedagoška enciklopedija 2, Belgrad-Zagreb, 1989, стр.82; Напредното учителство во Македонија, "Просветно дело", Скопје, 1985, стр.5.

[12] Б. Проќик, Работата на учителите во Поречјето собрани околу "Караџиħ"..., стр. 92-93.

На Меѓуоколиската учителска конференција во Гостивар, одржана во мај 1939 година, на која учествувале напредни учители од околиите: Гостивар, Тетово, Кичево, Галичник, Поречјето, реферат поднел тогашниот секретар на Тетовското учителско здружение Милькан Тодоровиќ, кој говорел за беззакониито кон учителите од страна на тогашниот буржоаски режим на Стара Југославија. Учителска конференција се одржала и во Битола на која настапиле напредните учители од околиите: Битола, Крушево, Мариово, Преспа, Поречјето. При крајот на 1940 година, таква прогресивна околиска учителска конференција се одржала и во Скопје.

Карактеристично за учителите од напредното учителско движење е дека се залагале и воделе борба за примена и употреба на македонскиот јазик во училиштата, за издигнување на националната свест и култура кај македонскиот народ, што најчесто ги користеле песните на Кочо Рацин, Коле Неделковски, Мите Богоевски, Ацо Караманов и други македонски поети, револуционери и борци кои во своите најмлади и млади години ги положиле животите во НОВ и Револуцијата.

Дејноста на напредните учители од Третата учителска група во Македонија била манифестирана и преку Учителската културно-издавачка задруга "Вук Караџиќ". Истата била основана на 8.II.1937 година и според чл. 2 од Правилата во рамките на нејзината дејност се предвидувало следното:

" а) задругата да издава и да продава стручни, педагошки и други поучни и научни книги;

б) да издава и продава списанија;

в) да формира читалишта, библиотеки и подвижни библиотеки;

г) да приредува предавања и курсеви, да организира поучни екскурзии и феријални колонии;

д) заедничка изработка на учила и учебници; и

ѓ) да работи врз помагањето и унапредувањето на сите културни потреби на своите членови врз задружна база".[13]

Во членот 2 се предвидувало печатење на дела од домашни и странски писатели. Додека пак, во членот 5 од Правилата на Задругата се предвидувало давање на задругарите посебен попуст за книги; пониска цена, дури сиромашните читатели да добиваат книги бесплатно.[14]

Учителската задруга "Вук Караџиќ" организирала разни форми: летување, одржување на предавања, семинари, курсеви за описменување, педагошки недели и други образовно-воспитни форми. [15]

---

[13]) Милисав Мијушковиќ, Учителската задруга "Вук Караџиќ", Напредното учителство во Македонија, "Просветно дело", Скопје, 1985, стр. 192-199.

[14]) Исто, стр.193-194.

[15]) Д-р Светозар Наумовски, Напредното учителство во Вардарскиот дел на Македонија меѓу двете светски војни (1918-1941), Институт за национална историја, Скопје, 1992, стр. 145-172.

Учителите од Македонија пројавувале активност и во соработката со некои учителски и педагошки изданија што излегувале од печат во Стара Југославија. На пример: "Савремена школа" и "Напредак" (Загреб)"; "Гласник Југословенског професорског друштва "(Белград); "Учитељ" (Белград); "Грађанска школа" (Марибор); "Дом и школа (Загреб); "Наставни вјесник" (Загреб); "Попотник" (Љубљана); "Словенски учитељ" (Љубљана); "Гласник стручне наставе" (Белград); "Учитељски покрет" (Скопје) и др.

Посебно треба да се одбележи учеството и соработката на напредните учители од Македонија во списанието "Учителски покрет" (Педагошко-сицијално списание) што излегувало од печат во 1933/34 година во Скопје, како и соработката во библиотеката "Будуќност".

Во "Учитељски покрет" бр/1-2, 1922-та година се поместени следниве статии: За потребите и работата на народната педагогија (од д-р Првош Сланкаменац); За воспитанието на Марија Монтенсори (Милан Јанушевиќ); За жената (Мих. Јовановиќ); Подобри се и помали дела, отколку празни планови (Душан Д. Марковиќ); Животната заедница и нејзиното значење во изучувањето на природните науки (Јаков Ивановиќ); Практичната примена на психологијата (Н. Ресуловиќ); Поим за дециметар, предавање во III-то одделение (Душан Д. Марковиќ); Цртањето во основното училиште (Светозар Дебељак); Влијанието на Дојранското Езеро, односно впечатоците од него (Милан Михаиловиќ); Меѓународното изедначување на училиштето и наставата (д-р Првош Сланкаменац); Прикази и белешки и др.[16]

Како што може да се види од насловната страница на ова напредно списание на Учителското здружение на Македонија, истото ги поседувало следниве рубрики: општа и применета педагогија, дидактика и методика, книжевност, педагошки преглед, социјален преглед, научен преглед, прикази и белешки и др. Додека пак соработници биле напредни учители од основните и средните училишта, како и професори од Филозофскиот факултет, и од другите краишта на Југославија: учители, наставници, професори и други соработници, кои донесувале мошне актуелни статии и значајни расправи од учителско-педагошкиот живот.

Напредните учители од Македонија, исто така соработувале и во напредниот учителски и педагошки печат во Стара Југославија, како на пример во: "Учитељска стража" (1935-1941), како и во Социјалистичка педагошка библиотека "Будуќност"(1908-1941). Уредници на "Учитељски покрет" (Скопје), биле Раде Вуковиќ и Митар Митровиќ, а на Библиотеката "Будуќност" главен уредник бил Милош Б. Јанковиќ.[17]

---

[16] Види: "Учитељски покрет", педагошко-социјални часопис, Скопље јануари-февруари, 1933/ 1. бр. 1-2.

[17] Повеќе за Библиотеката "Будуќност" на Милош Б. Јанковиќ, види: Социјалистичка педагошка библиотека "Будућност" (1908-1941), Педагошко друштво СР Србије, Београд, 1975 ([illegible]).

Напредните учители пројавувале посебна активност на полето на народното просветување и на народните универзитети преку организирање предавање, семинари и курсеви за описменување, здравствено и хигиенско воспитување, организирање читачки групи, основање библиотеки (особено подвижни, како што била во Кавадарци и др.), формирање на учителско набавни и продајни книжни и производствени задруги, развивање на културно-просветниот и забавниот живот, развивање на аматеризмот (драмски, ликовен, уметнички, музички), развивање и воспитување на спортскиот живот преку учество и активности во разни фискултурни и спортски организации, здруженија, клубови и секции, организирање домаќински курсеви и школи за домаќинки, со преферирање на дејности од обласа на домаќинството, кроењето, шиењето, готвењето, плетењето, везењето и други домашни ракотворби и низа други активности. Не помала била дејноста и заслугата на напредните учители особено на село, во земјоделското просветување на земјоделските производители, во обработката на земјата, одгледување овошни дрвца, чување на добитокот, негување на мајчиниот македонски јазик, преку песни, стихотворби, приказни, гатанки, басни, бајки и низа уметнички остварувања.[18]

Кусиот осврт врз дејноста на напредното учителство во Македонија во периодот 1919-1941 година укажува на одделни моменти од дејноста на учителството кај нас во тој период кој бил исполнет со низа искушенија и борба за зачувување на македонскиот национален идентитет и интегритет.

Во таа борба напредните сили во Македонија, посебно прогресивните учители, оние што припаѓале на т.н. Трета учителска група, одиграле мошне значајна улога и функција во зачувување на културно-националните придобивки и обележја на македонската национална култура, историја, јазик, обичаи и други ентитети од фундаментално и есенцијално национално-социјално обележје, што претставува значаен и интегрален субститут во проучувањето на историјата и културата на македонскиот народ, посебно во тој период, што беше предмет на нашава сосема куса опсервација.

---

[18]. Поопстојно за ова види: Учесници и сведоци, тритомен зборник; како и Напредното учителство во Македонија, цитиран Зборник; исто така види и: Д-р Светозар Наумовски, Напредното учителство во Вардарскиот дел на Македонија ...,цит. дело,стр.145-174, што се однесува на народното просветување, како и Владо Картов, Културно-просветната политика на владеачките режими на Југославија спрема македонскиот народ ..., докторска дисертација ( во ракопис ) стр. 82-92, и др.

Aleksandar ILIEVSKI

## L'ACTIVITE EDUCATIVE EN MACEDOINE DANS LES CADRES DU MOUVEMENT DES INSTITUTEURS ENTRE LES DEUX GUERRES MONDIALES

( R é s u m é )

Ce travail qui est l'objet de notre intêret et de notre recherche nous remet en mémoire les moments particuliers de l'activité du mouvement progressif des instituteurs en Macédoine dans la période entre les deux guerres mondiales.

Il est présenté très brièvement suivant certaines sources théoriques et historiques qui étaient en notre possessions pendant la préparation de ce texte.

Le mouvement des instituteurs en Macédoine de cette période était surtout exprimé par le "Troisième groupe" et il était envisagé dans le contetxte des sirconstances sociales, politiques, culturelles et historiques qui régnaient sur ce territoire au temps de l'Ancienne Yougoslavie, c'est à dire de 1919 à1941. Ces évènements, ces rapports et ces conditions de travail se reflétaient à une manière directe sur l'activité éducative et culturelle des instituteurs macédoniens. Dans ce sens ils ont joué un rôle très important dans la fonction de sauvegarder l'identité et l'integration nationales du peuple macédonien, surtout á travers une activité culturelle et éducative, organiseé à tous les milieux oú ils avaient travaillé. Cette activité devient plus intense pendant les années juste avant la guerre d'Avril en 1941.